Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М. бр.05/02), член 32 став 2 од Статутот на Општина Дојран („Службен гласник на општина Дојран.„ бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Дојран за 2021 година бр.08 – 101/9 од 29.01.2021 година (Службен гласник бр.1/2021), а во врска со Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Дојран („Службен гласник на општина Дојран бр.4/21), Градоначалникот на Општина Дојран на ден 14.06.2021 година го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК

За спроведување на постапка за јавно наддавање за доделување локации за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Дојран

1. Комисијата за спроведување на постапка за јавно наддавање за доделување локации за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Дојран ќе изготви јавен оглас за спроведување на постапка за јавно наддавање за доделување локации за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Дојран, согласно Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Дојран за 2021 година бр 08 – 101/9 од 29.01.2021 година (Службен гласник бр.1/2021) и истиот го објавува на WEB страната на општина Дојран.

Во јавниот оглас се утврдуваат:

- **Локации за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Дојран;**
- **Право на учество на јавниот оглас во усното јавно наддавање;**
- **Рок и почетна цена на усното јавно наддавање;**
- **Постапка и услови за усно јавно наддавање;**
- **Постапка по завршување на усното јавно наддавање;**
- **Обврски на најповолниот понудувач;**

1.1 Право на учество на усното јавно наддавање имаат сите физички и правни лица под услови утврдени со јавниот оглас кои доставиле понуди и ги исполниле условите утврдени во објавениот оглас.

1.2 Секој учесник во усното јавно наддавање, може да учествува во наддавање за една или повеќе локации доколку ги исполнува условите за учество во јавното наддавање.

1.3 Комисијата во рок од 24 часа по истекување на рокот за поднесување на пријавите за учество, ги известува подносителите за комплетираноста на истите по електронски пат и ги информира за денот и часот на одржување на усното јавно наддавање на нивна контакт адреса наведена во понудата како и

на и веб страната на општина Дојран, а доколку рокот истекува во неработен ден или на државен празник, подносителите се известуваат прввиот нареден работен ден.

1.4 Јавното наддавање ќе се одржи и доколку по објавата се пријавил и само еден понудувач кој ги исполнува условите наведени во огласот и ја наддаде почетната цена.

1.5 Постапката за спроведување на јавно наддавање ја отвора Комисијата со утврдување на идентификација на учесниците во наддавањето (лична карта, пасош, писмено овластување односно полномошно заверено на нотар), што ги исполниле условите на учество во јавното наддавање.

1.6 Усното јавното наддавање започнува со објавување на почетната цена за предметната локација по метар квадратен, а се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците.

1.7 Наддавањето за понудените локации ќе се врши "чекорно" со зголемување на вредноста со секој "чекор" не помалку од 1,00 денар, а без ограничување на максималниот чекор на наддавање.

1.8 Јавното наддавање се смета за завршено доколку по објавување на комисијата за последната постигната цена, и по третиот повик никој од понудувачите не понуди цена повисока за еден чекор од претходно понудената.

1.9 За најповолен понудувач ќе се смета учесникот на јавното наддавање кој што понудил последна цена по метар квадратен која што претставува највисока цена постигната на јавното наддавање. Со најповолниот понудувач ќе се склучи договор, по правосилноста на известувањето за избор на најповолен понудувач.

1.10. Комисијата ќе води записник за одржаното усно јавно наддавање кој го потпишуваат членовите на комисијата и присутните претставници, учесници во наддавањето.

1.11 Комисијата ќе изготви извештај и го доставува до градоначалникот за донесување на одлука-решение за избор на најповолен понудувач.

1.12 По правосилноста на решението се склучува договор за користење на уредената јавна површина за период предвиден во јавниот оглас.

**2.** Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува при спроведување на постапката за јавно наддавање за доделување локации за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Дојран.

**Градоначалник**
**на општина Дојран**
**Анго Ангов**